РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**

Кеј Димитар Влахов 4, II спрат
Центар, Скопје
Тел. 02/3220509

Dimitar Vlahov 4, kati II
Qendër, Shkup
Tel. 02/3220509

Бр. 08-311/4
17.02.2021 год.
Skopje - Shkup

Врз основа на член 145 став (6) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/19), директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа студиската програма од втор циклус (специјалистички) стручни студии (60 ЕКТС) по „Безбедност и квалитет на храна" на Факултет за ветеринарна медицина при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус (специјалистички) стручни студии (60 ЕКТС) по „Безбедност и квалитет на храна" на Факултет за ветеринарна медицина при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

**Образложение**

По добивање на Решение за акредитација бр.08-49/7 од 11.12.2020 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Факултет за ветеринарна медицина при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр.03-1623 од 21.12.2020 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, под наш бр. 08-311/1 од 21.12.2020 година, за утврдување на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус (специјалистички) стручни студии (60 ЕКТС) по „Безбедност и квалитет на храна" на Факултет за ветеринарна медицина при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр.08-175/2 од 04.02.2021 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата, на ден 15.02.2021 година, изврши увид и изготви Извештај бр.08-311/3 од 16.02.2021 година, каде е наведено дека, за студиската програма од втор циклус (специјалистички) стручни студии (60 ЕКТС) по „Безбедност и квалитет на храна" на Факултет за ветеринарна медицина при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**ДИРЕКТОР/ DREJTOR**
**Dr. Agim Rushiti**

Доставено до:
- Високообразовната установа
- Архива

изработил/одобрил: Милена Ефремовска

Република Северна Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА во СКОПЈЕ

| Примено: 24.2.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог: | Вредност |